Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Предизвик за подготовка на сложувалка на тема: Велосипед и велосипедски делови**

Сложувалките се одличен начин како да се стимулира мозокот на детето и да се развијат некои од најважните вештини кои се потребни за во иднина. Како на пример: перцепција, трпение и смиреност, фотографска меморија и моторика  преку игра и забава.

Многумина мислат дека никогаш не би можеле да направат сложувалка. Тоа можеби не е лесно, но сигурно не е невозможно. Може да претставува интересна активност како за најмалите така и за возрасните.

Целта на предизвикот е подигнување на свесноста за важноста од користење на велосипедот како алтернативно превозно средство и истовремено запознавање со неговите делови, преку едукација, забава, игра, ликовно творење.

**Потребни материјали:**

- Картон или подебела хартија

- Ножици или скалпел

- Лепак

- Материјали за цртање и боење ( водени или темперни бои, дрвени боички, молив, пенкало и сл.)

**Едноставни совети како да ја направите вашата прва сложувалка, но на тема велосипед и велосипедски делови:**

**-** Земете парче картон;

- Во централниот дел нацртајте велосипед или велосипедски делови;

- На опачината на картонот со линијар повлечете еднакви делови и на нив може да означите броеви редоследно

- Исечете го цртежот во целосната големина, а потоа посебно деловите од него;

- За да сложувалката има поголема висина, повторете ја постапката: земете уште едно парче картон, поставете ги со линијар димензиите на претходно направениот цртеж и исечете ( без да ги сечете засебните делови);

**Совет плус:**

Најдобро е илустрацијата да биде шарена, но боите да не бидат премногу испреплетени, за полесно да може да се види кое парче каде припаѓа.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Звучи комплицирано?**

Погледенете го следното видео и уверете се дека на едноставен начин може да подговите и вие сложувалка во домашни услови.

https://www.youtube.com/watch?v=G9GGynHpElw&feature=youtu.be